


# ЛОКАЛЕН АКЦИСКИ ПЛАН ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ОТПАД НА ОПШТИНА ВЕВЧАНИ

за 2024-2025

ЛОКАЛЕН АКЦИСКИ ПЛАН ЗА
УПРАВУВАЊЕ СО ОТПАД НА
**ОПШТИНА ВЕВЧАНИ**
за 2024-2025

# Содржина


**Предговор од градоначалникот** ---------- 3
1. **Вовед** ---------- 4
2. **Национална легислатива и обврски** ---------- 5
3. **Анализа на постоечка состојба** ---------- 6
4. **Акциски план за 2024-2025** ---------- 8
5. **Следење на реализација на ЛАП и известување** ---------- 26
6. **Вклученост на засегнатите страни и комуникациска стратегија** ---------- 28

**Изјава за транспарентност** ---------- 29



Содржината на овој план е сопственост на Општина Вевчани и резултат на повеќемесечен труд на членовите на работната група. Придонесот на САЛАР и на Шведската влада беше ограничен на обезбедување техничка помош и финансиска поддршка на процесот.

SALAR International
A part of the Swedish Association of Local Authorities and Regions

Sweden Sverige



Грб на насловна страна: MacedonianBoy - Own work, based on image on the official website, CC BY-SA 3.0

# Предговор од градоначалникот

**Почитувани,**



Локалната самоуправа претставува клучен фактор за управувањето и намалувањето на отпадот во својата општина, и со тоа исполнување на целите предвидени во Регионалниот план за управување со отпад, со што се подобрува одржливоста на животната средина и квалитетот на животот на жителите.

Од таа причина, главната цел на овој Локален акциски план за управување со отпад претставува двогодишно стратешко планирање на одржливото управување со отпад на локално ниво и вклучува активности со кои ќе се подобрат перформансите на јавното комунално претпријатие при испорачување на услуги за собирање на отпад, односно одредени стратешки цели и дефинирани усогласени мерки кои водат кон планирање на инвестициите и трошоците за одржување.

Изработката на Локалниот акциски план ги утврди главните приоритети и потреби на Општина Вевчани и дефинира мерки за нивно решавање. Активностите се дефинирани во согласност со стратешките цели и даваат јасни насоки во управувањето со отпадот кој се создава во општината, ги утврдува состојбите и ги идентификува слабостите, и предлага мерки и активности за подобрување на одржливото управување со отпад на локално ниво, како и мерки за заштита на животната средина.

Главните аспекти во планирањето за 2024 и 2025 година во овој ЛАП се воспоставувањето на систем за селекција на отпадот преку намалување на создадениот отпад во Општина Вевчани кој треба да се депонира преку јавното претпријатие (ЈП) „Еремја Вевчани“ до регионалната депонија, односно претоварните центри.

Јавното претпријатие за комунална дејност ЈП „Еремја Вевчани“ е субјект преку кој се обезбедува услугата за собирање на отпадот и други комунални услуги на над 2.400 жители во Вевчани. Услугата се обезбедува за целокупното население, како едно населено место во Општина Вевчани.

Општина Вевчани ја цени поддршката добиена од консултантските тимови на SALAR International и оперативниот кадар од работната група кои преку континуирано учество во планирање и предлагање на мерки го изработија овој ЛАП за управување со отпад за Општина Вевчани.

Општина Вевчани, препознаена од организацијата Green Destinations како една од стоте успешни приказни и потенцијална Зелена Дестинација, преку реализација и исполнување на целите од ЛАП за 2024 и 2025 година, ќе потврди и продолжи да биде општина која вложува напори за зачувување на здрава и чиста животна средина, преку континуираното одржливо управување со отпадот на локално ниво

Со Почит,
**Спасе Кочовски**
**Градоначалник**

# 1. Вовед

На патот кон одржливо управување со отпадот, Република Северна Македонија веќе има преземено чекори кои постепено ги надминуваат постоечките проблеми за подобрување на системите за собирање и третман на отпадот и премин од линеарна во циркуларна економија. Новиот Закон за управување со отпадот[1], Планот за управување со отпад 2020-2030, воспоставувањето на регионалниот систем за управување со отпад, како и воспоставување на организации за проширена одговорност на производителите поставија солидна основа за воспоставување на ефективна оперативна рамка и подобрување на капацитетите и праксите на сите чинители во областа.

Следејќи ги насоките од регионалните планови за управување со отпад, во рамките на проектот „Одржливо управување со отпадот на локално ниво“ спроведуван од SALAR International, а финансиран од шведската влада преку Сида, беше развиен Оперативен регионален план за управување со отпад (ОРПУО) за пелагонискиот и југозападниот регион. Изработен заедно со општините од двата плански региона, ОРПУО претставува практичен документ кој ги локализира националните приоритети и цели и овозможува оптимално искористување на општинските ресурси. Инклузивниот и транспарентен процес го засили сопственииштвото врз планот и им овозможи на сите чинители подобро да ја разберат важноста на одржливото управување со отпадот.

Важен дел од целиот процес е и склучениот договор за заем од 55 милиони евра со Европската банка за обнова и развој кој вклучува изградба на три регионални депонии, набавка на возила и опрема како и техничка помош за поддршка на регионалниот систем за управување со отпад.

Заемот ќе обезбеди средства за нужното модернизирање на возниот парк на општинските комунални претпријатија и ќе ја нагласи клучната улога на (про)активното учество на општините во одржливото управување со отпадот.

Локалниот акциски план (ЛАП) за управување со отпад 2024-2025 на општина Вевчани беше изработен со цел да се утврдат локалните политики за управување со отпадот, да се утврди опсегот на интервенциите и да се постават јасни цели со детални чекори за нивна реализација.

Насоките во планот за намалување на создадениот отпад и подобрување на локалните пракси за селекција, собирање и депонирање на отпадот се во согласност со меѓунардоните стандарди и добри пракси за цврст отпад и директно водат кон намалување на влијанието врз животната средина. Регионалната перспектива и нагласокот на меѓуопштинската соработка беа меѓу приоритетите при изработката на ЛАП. Спојувањето на двата региона (пелагониски и југозападен) во еден регион за управување со отпад создава можност, но и обврска за блиска соработка помеѓу општините. Интегрирањето на инклузивните процеси и родовата перспектива во финалниот документ ќе придонесе кон зголемена родова еднаквост, подобар пристап на ранливите групи до услугите во секоја од општините и подобрување на квалитетот на живот на населението.

Планот беше изработен од работна група посебно формирана за оваа цел, во состав:

1. **Јасмина Бебекоска** - Директор на ЈП Еремја
2. **Димитар Калајџиески** - Помлад соработник за сметководство и финансии
3. **Менка Кукоска** – Помлад соработник во ЛЕР
4. **Александра Велкоска** – Координатор за одржлив развој на туризмот

1 Закон за управување со отпад (Службен Весник бр. 216/2021)

# 2. Национална легислатива и обврски

Развојот на законодавството и политиките од областа на животната средина се прилично динамични процеси и Република Северна Македонија постојано ги следи тековите и промените во еколошкото законодавство на ЕУ како правна база за изградба на еколошки стандарди во разни сектори на животната средина, вклучувајќи го и управувањето со отпадот. Во тој поглед, новиот **Закон за управување со отпад** ја транспонира европската директива за отпад (2008/98/ЕС) како и новата директива со измените од 2018 година (2018/851) со што се нагласува обврската на локалната самоуправа да управува со комуналниот отпад. Новиот закон јасно се повикува на начелата за заштита на животната средина, начелото на претпазливост и на начелото за универзалност на услугата за управување со отпадот и го допрецизира регионалниот систем за управување со отпадот како и улогите на националните и локалните актери. Со стимулација на мерки за намалување на количината на создаден отпад и одржливо управување со отпадот, Законот цели кон зачувување на ресурсите и спречување на негативните влијанија на отпадот врз животната средина.

**Националната стратегија за управување со отпад 2008-2020** ја одразува политиката за управување со отпад и претставува основа за подготовка и спроведување на интегриран и финансиски одржлив систем. Стратегијата обезбедува насоки за активностите во областа на управувањето со отпадот со цел да се надмине неприфатливата состојба на животната средина во земјава која има негативно влијание врз водата, почвата и воздухот како и врз човековото здравје.

Надоврзувајќи се на основата поставена од Стратегијата, **Националниот план за управување со отпад 2020-2030** ја дефинира рамката за креирање и функционирање на интегриран систем за управување со отпад во согласност со хиерархијата за отпад и законодавството на ЕУ и да се постигне еколошки безбедна преработка и отстранување на отпадот во согласност со приликите во Република Северна Македонија. Одржливо функционирање на базичната инфраструктура за управување со комуналниот отпад (организациски и финансиски структури, техничка инфраструктура и правна рамка) е основната цел на Планот.

Институционалната рамка за управување со отпад е јасно дефинирана. Министерството за животна средина и просторно планирање е институција која е одговорна за креирање на политиката за управување со отпад на национално ниво, додека политиката на локално ниво е одговорност на општините. Оперативните активности како што се собирање, селекција, транспорт и депонирање се организирани преку јавните комунални претпријатија. Колективните постапувачи се исто така дел од системот за управување со различни текови на отпад, како на пример отпад од пакување, отпад од електрична и електронска опрема, отпад од батерии и акумулатори и други текови отпад кои го помагаат управувањето преку воспоставување дополнителна мрежа за селекција и спроведуваат активности за подигнување на јавната свест.

Со цел обезбедување финансиски само-одржлив систем за управување со отпад, Законот за управување со отпад го наложува и промовира регионалниот пристап. **Регионалниот систем за управување со отпад** подразбира здружување на општините во пет региони, формирање на меѓуопштински одбори за управување со отпадот за секој регион и изградба на регионални депонии со кои ќе управува **Регионално комунално претпријатие**. Изготвувањето и следењето на реализацијата на **Регионалниот план за управување со отпад** е обврска на новоформираните организациски единици за управување со отпад во Центрите за развој на планските региони.

Регионалното управување со отпад претставува современ, стратешки пристап во управувањето со отпадот и предуслов за систематско решавање на проблемите со отпадот. Интегрираното регионално управување со комуналниот цврст отпад подразбира постепено затворање на несанитарните комунални и диви депонии откако новите регионални санитарни депониии ќе станат оперативни.

# 3. Анализа на постоечка состојба

Општина Вевчани се наоѓа на само 15 км од Охридското Езеро, сместено е под падините на Јабланица, во југозападниот дел на Република Северна Македонија. Се простира на површина од 35 км2, која е претежно ридско-планинска. Вевчани брои 550 постојани домаќинства со 2433 жители и околу 300 викенд куќи. Вевчани изобилува со голем број природни реткости и локалитети. Посебен белег му дава водата, која може да се види насекаде, но најдоминантна е во локалитетот „Вевчански извори“ – споменик на природата. Големо природно богатство се и шумите и живиот свет во нив, како и големиот број излетнички места како:

- месноста „Голина“ со глечерското езеро „Локва“ на 2000 м н.в.
- месноста „Мала ливада“ на која посебен белег и дава студената бистра изворска вода на н.в. од 1600 м.
- месноста „Јанков камен“, најубавото и најпосетеното излетничко место, богато со вода на н.в. од 1200 м.

Вевчани е познато и по културното богатство, како што е старата архитектура која што вевчанци ја носеле од разни краеви на светот што печалбареле. Вевчани брои 19 цркви, манастири и параклиси, а централно место зазема црквата Св. Никола која е осветена 1876 година, а во која посебно место зазема иконостасот изработен од познатиот Дичо Зограф со тајфата, како и манастирот Св. Спас кој се наоѓа на надморска висина од 1310 м.

И покрај сите овие карактеристики, Вевчани во нашата земја и светот најпознато е по традиционалниот „Вевчански карневал“ стар колку што е старо и Вевчани – 1400 години. Тој се одржува секоја година на 13 и 14 јануари и преставува еден голем, отворен театар. Посетен е од голем број домашни и странски посетители.

Општина Вевчани се наоѓа во југозападниот дел на Република Македонија на падините на планината Јабланица на надморска висина од 800м. Атарот на населбата Вевчани се наоѓа северозападно од Охридското езеро. Се протега во насока исток-запад, од подножјето, преку ридестиот терен се до сртот на планината Јабланица. Се граничи со Општина Струга, а во потесен дел ја допира државната гранична линија со Албанија. До Вевчани води асфалтиран пат што од Струга минува низ селата Враништа и Велешта и води до Вевчани.

Населбата и поширокото подрачје претставува најјужниот дел од земјата и лежи на географска широчина од 41° но благодарение на височината на која лежат и најниските делови на теренот, климатските карактеристики во значителна мера отстапуваат од средоземната клима, која ова подрачје би требало да ја има со оглед на својата географска положба. Ова подрачје од морската страна е оградено со високи планини така што многу малку се одразува влијанието на морето врз климатските одлики на теренот.

Во ова подрачје најтопли месеци се јули и август а најладни се јануари и февруари. Средната месечна температура во топлите месеци е 22°С, а во најладните се спушта и под 0°С. Средните годишни температури се ниски така да тие се задржуваат околу половина од годината и се некаде околу 10°С. Средните годишни врнежи се околу 1000 мм. но тие се распределени во различни периоди и се редовно врзани со температурите така да најмногу ги има во ноември и декември, а најмалку во топлите летни месеци. Секако треба да се спомене дека повеќе ги има во планинскиот предел. Висината на снежните врнежи достигнува и до 2м. Апсолутна минимална температура во зимските месеци изнесува до -20°С.

Вегетационите одлики на теренот се зависни главно од климатските услови, од релјефот и од составот на почвата. Повисоките делови на теренот примаат доста врнежи во текот на целата година ,но средните годишни температури во вегетациониот период се ниски така да не постојат погодни услови за поразвиено аграрно производство. Исто така во овие предели вегетациониот период е нешто покус. Рамничарските делови бидејќи природно имаат можност за наводнување застапено е одгледувањето на ратарски, зеленчукови култури и лозја со помали овошни насади. Во источниот рамничарски дел ретко се одгледуваат житни култури но доста е присутно одгледувањето на пченка и тревнаста сточна храна.

Општина Вевчани има едно населено место и според податоците од Државниот завод за статистика има 2.448 жители. Просечната густина

на населението изнесува 106,71 жители/км2. Во табелата е прикажана и половата структура на населението по возраст.

Во продолжение следуваат табеларни и графички прикази на населението во Општина Вевчани со податоци по пол, возраст, национална припадност, како и за наталитетот и морталитетот и миграциите во општината. Податоците се преземени од веб-порталот на Државниот завод за статистика, односно од публикациите според статистичките истражувања од 2002, 2015 и 2017 година.

**Табела 1:** Вкупна количина на создаден и собран отпад по вид и години во тони и $м^3$

| ОПШТИНА ВЕВЧАНИ | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| ВКУПНА КОЛИЧИНА НА СОЗДАДЕН И СОБРАН ОТПАД ПО ВИД И ГОДИНА (ВО ТОНИ) | | | | | | |
| | 2020 | | 2021 | | 2022 | |
| | Создаден | Собран | Создаден | Собран | Создаден | Собран |
| Хартија | | | | | | |
| Стакло | | | | | | |
| Пластика | | | | | | |
| Органски отпад | | | | | | |
| Останат комунален отпад | | | | | | |
| **ВКУПНО** | | **1380 $m^3$** | | **1280 $m^3$** | | **1315 $m^3$** |
| % на сортиран отпад | | | | | | |
| % на собран отпад | | | | | | |
| % на домаќинства покриени со услуга | | 100 | | 100 | | 100 |
| % на наплатен надомест | | | | | | |
| ВКУПНА КОЛИЧИНА НА СОЗДАДЕН И СОБРАН ОТПАД ПО ВИД И ГОДИНА (ВО ТОНИ) | | | | | | |
| Градежен отпад | | | | | | |
| Кабаст отпад | | | | | | |
| ВКУПНО | | | | | | |

**Табела 2:** Возила за управување со отпад во општина Вевчани

| ОПШТИНА ВЕВЧАНИ | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| ВОЗИЛА ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ОТПАД ВО ОПШТИНАТА | | | | | |
| Назив на возило | Модел | Тип | Година на производство | Капацитет ($м^3$) | Вкупен број вакви возила |
| Работно возило | Karsan Hyund-ai HD35 | камион за отпад | 2012 | 5 | 1 |
| Трактор | IMT 539 | Трактор | | 2 | 1 |

# 4. Акциски план за 2024-2025

<table>
<tr><td colspan="10">ОПШТИНА ВЕВЧАНИ</td></tr>
<tr><td colspan="2">Приоритет 1</td><td colspan="8">Обезбедување услуги (собирање и транспорт на отпад) на што е можно повеќе корисници</td></tr>
<tr><td colspan="2">Цел 1.1</td><td colspan="8">Подобрено собирање и транспортирање на отпадот преку планирање</td></tr>
<tr><td colspan="2">Акција 1.1.1</td><td colspan="8">Мапирање на пречки кои го спречуваат лесниот пристап до корисниците вклучувајќи ги и ранливите групи</td></tr>
<tr><td colspan="2">Координација со:</td><td colspan="8">/</td></tr>
<tr><td colspan="2">Активност</td><td>Времетраење</td><td>Временска рамка (квартално или полугодишно)</td><td>Одговорни за спроведување (сектор, одделение)</td><td>Индикативен буџет (на ниво на активност, освен во исклучителни ситуации)</td><td>Извор на финансирање (централен буџет, општина, донатор)</td><td>Потребна поддршка (техничка, посебна експертиза, обука, менторство, модалитети за соработка/ координација)</td><td>Почетна состојба (на ниво на акција)</td><td>Цел/индикатор (на ниво на акција)</td></tr>
<tr><td>1.1.1.1</td><td>Утврдување на лицата од ранливите групи од Вевчани</td><td>1 месец</td><td>2/2024</td><td>ЈП Еремја</td><td>/</td><td>/</td><td>/</td><td rowspan="3">Не се мапирани пречките кои го спречуваат лесниот пристап до корисниците</td><td rowspan="3">Мапирани се рутите и локациите на лицата со попреченост и тешко пристапните локации</td></tr>
<tr><td>1.1.1.2</td><td>Утврдување на физичките пречки за пристапноста на услугите</td><td>1 месец</td><td>2/2024</td><td>ЈП Еремја</td><td>/</td><td>/</td><td>/</td></tr>
<tr><td>1.1.1.3</td><td>Мапирање на рутите и локациите на лицата со попреченост и тешко пристапните локации</td><td>1 месец</td><td>2/2024</td><td>ЈП Еремја</td><td>/</td><td>/</td><td>/</td></tr>
</table>

<table>
<tr><td colspan="2">Приоритет 1</td><td colspan="8">Обезбедување услуги (собирање и транспорт на отпад) на што е можно повеќе корисници</td></tr>
<tr><td colspan="2">Цел 1.1</td><td colspan="8">Подобрено собирање и транспортирање на отпадот преку планирање</td></tr>
<tr><td colspan="2">Акција 1.1.2</td><td colspan="8">Анализа на маршути за собирање и потребни возила, вклучуваки типови и број на канти/контејнери</td></tr>
<tr><td colspan="2">Координација со:</td><td colspan="8">засегнати страни во општината</td></tr>
<tr><td colspan="2">Активност</td><td>Времетраење</td><td>Временска рамка (квартално или полугодишно)</td><td>Одговорни за спроведување (сектор, одделение)</td><td>Индикативен буџет (на ниво на активност, освен во исклучителни ситуации)</td><td>Извор на финансирање (централен буџет, општина, донатор)</td><td>Потребна поддршка (техничка, посебна експертиза, обука, менторство, модалитети за соработка/ координација)</td><td>Почетна состојба (на ниво на акција)</td><td>Цел/индикатор (на ниво на акција)</td></tr>
<tr><td>1.1.2.1</td><td>Анализа и мапирање на тековните маршути за собирање на отпад и на потребата од поставување контејнери на одредени локации</td><td>3 месеци</td><td>3/2024</td><td>ЈП Еремја и Општина Вевчани</td><td>300.000,00 ден</td><td>донатор</td><td>Техничка експертиза</td><td rowspan="3">Потребна е анализа на тековните маршути за собирање отпад и на потребата од поставување контејнери на одредени локации</td><td rowspan="3">Изработен е правилник за методологија за утврдување на маршути и потребна техничка опременост и човечки ресурси<br><br>Идентификувана е потребата од нов систем за собирање на отпад или подобрување на стариот</td></tr>
<tr><td>1.1.2.2</td><td>Изработка на правилник за методологија за утврдување на маршути и потребна техничка опременост и човечки ресурси</td><td>6 месеци</td><td>3/2024 - 4/2024</td><td>ЈП Еремја и Општина Вевчани</td><td>70.000,00 ден</td><td>општински буџет</td><td>Техничка поддршка од другите одделенија во општината</td></tr>
<tr><td>1.1.2.3</td><td>Спроведување на методологијата и препораките (јавна дебата, Совет на Општина Вевчани, засегнати страни итн.)</td><td>6 месеци</td><td>3/2024 - 4/2024</td><td>ЈП Еремја и Општина Вевчани</td><td>20.000,00 ден</td><td>општински буџет</td><td>посебна експертиза</td></tr>
</table>

| | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Приоритет 1 | | Обезбедување услуги (собирање и транспорт на отпад) на што е можно повеќе корисници | | | | | | | |
| Цел 1.1 | | Подобрено собирање и транспортирање преку планирање | | | | | | | |
| Акција 1.1.4 | | Истражување на начини како да се искористи меѓуопштинската соработка за да се зголеми покриеноста со услуги | | | | | | | |
| Координација со: | | засегнати страни, други општини | | | | | | | |
| Активност | | Времетраење | Временска рамка (квартално или полугодишно) | Одговорни за спроведување (сектор, одделение) | Индикативен буџет (на ниво на активност, освен во исклучителни ситуации) | Извор на финансирање (централен буџет, општина, донатор) | Потребна поддршка (техничка, посебна експертиза, обука, менторство, модалитети за соработка/ координација) | Почетна состојба (на ниво на акција) | Цел/индикатор (на ниво на акција) |
| 1.1.4.1 | Пронаоѓање на начини за меѓуопштинска соработка за постапување со кабаст отпад и градежен шут | 12 месеци | 1/2024 - 4/2024 | ЈП Еремја и Општина Вевчани | / | / | / | Постои потреба за поефективно управување со кабаст отпад и градежен шут | Склучена меѓуопштинска соработка за постапување со кабаст отпад и градежен шут |
| 1.1.4.2 | Склучување на договор за меѓуопштинска соработка за постапување со кабаст отпад и градежен шут | 6 месеци | 3/2024 - 4/2024 | ЈП Еремја и Општина Вевчани | / | / | Правна поддршка | | |

<table>
<tr><td colspan="2">Приоритет 1</td><td colspan="8">Обезбедување услуги (собирање и транспорт на отпад) на што е можно повеќе корисници</td></tr>
<tr><td colspan="2">Цел 1.2</td><td colspan="8">Зголемен возен парк и број на канти/контејнери</td></tr>
<tr><td colspan="2">Акција 1.2.1</td><td colspan="8">Идентификување на извори на финансирање и ефективно финансиско планирање</td></tr>
<tr><td colspan="2">Координација со:</td><td colspan="8">САЛАР</td></tr>
<tr><td colspan="2">Активност</td><td>Времетраење</td><td>Временска рамка (квартално или полугодишно)</td><td>Одговорни за спроведување (сектор, одделение)</td><td>Индикативен буџет (на ниво на активност, освен во исклучителни ситуации)</td><td>Извор на финансирање (централен буџет, општина, донатор)</td><td>Потребна поддршка (техничка, посебна експертиза, обука, менторство, модалитети за соработка/ координација)</td><td>Почетна состојба (на ниво на акција)</td><td>Цел/индикатор (на ниво на акција)</td></tr>
<tr><td>1.2.1.1</td><td>Формирање работна група од ЛЕР и финансии</td><td>1 месец</td><td>1/2024</td><td>Одделение ЛЕР (животна средина) и Одделение за финансии</td><td>/</td><td>/</td><td>/</td><td rowspan="3">Не постои редовно следење на извори на финансирање</td><td rowspan="3">Изворите на финансирање редовно се следат и се подготвуваат полугодишни извештаи</td></tr>
<tr><td>1.2.1.2</td><td>Следење на актуелни или идни повици за финансирање</td><td>24 месеци</td><td>1/2024 - 4/2025</td><td>Работна група</td><td>/</td><td>/</td><td>Техничка поддршка - САЛАР</td></tr>
<tr><td>1.2.1.3</td><td>Полугодишен извештај за извори за финансирање и финансиско планирање</td><td>24 месеци</td><td>1/2024 - 4/2025</td><td>Работна група</td><td>/</td><td>/</td><td>Техничка поддршка - САЛАР</td></tr>
</table>

| Приоритет 1 | | Обезбедување услуги (собирање и транспорт на отпад) на што е можно повеќе корисници | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Цел 1.2 | | Зголемен возен парк и број на канти/контејнери | | | | | | | |
| Акција 1.2.2 и 1.2.3 | | Набавка на возила и канти /контејнери и обука за вработените во ЈП кои работат на терен | | | | | | | |
| Координација со: | | МЖСПП, Центар за развој на југозападен плански регион | | | | | | | |
| Активност | | Времетраење | Временска рамка (квартално или полугодишно) | Одговорни за спроведување (сектор, одделение) | Индикативен буџет (на ниво на активност, освен во исклучителни ситуации) | Извор на финансирање (централен буџет, општина, донатор) | Потребна поддршка (техничка, посебна експертиза, обука, менторство, модалитети за соработка/ координација) | Почетна состојба (на ниво на акција) | Цел/индикатор (на ниво на акција) |
| 1.2.2.1 | Утврдување на потребниот број и тип на возила и канти/контејнери | 1 месец | 1/2024 | ЈП Еремја и Општина Вевчани | / | / | / | Постои потреба од набавка од дополнителни возила, канти и контејнери | Набавени се дополнителни возила, канти и контејнери и спроведена обука за вработените во ЈКП |
| 1.2.2.2 | Набавка на возила и канти за регионалниот систем за управување со отпад | 3 месеци | 2/2024 - 3/2024 | ЈП Еремја и Општина Вевчани | 18.500.000,00 ден | Централен буџет на РМ; Центар за развој на југозападен плански регион | Координација со МЖСПП и Центар за развој на југозападен плански регион | | |
| 1.2.2.3 | Набавка на канти/ контејнери за ЈКП | 9 месеци | 2/2024 - 4/2024 | ЈП Еремја | 900.000,00 ден | општински буџет, донатори | / | | |
| 1.2.2.4 | Обука за вработените на ЈКП кои работат на терен | 6 месеци | 1/2025 - 2/2025 | ЈП Еремја | 30.000,00 ден | општински буџет | техничка поддршка | | |

| Приоритет 2 | | Воведување на систем за селекција на отпад и собирање на посебни текови на отпад | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Цел 2.1 | | Идентификувани количини на посебни текови што се создаваат во општината | | | | | | | |
| Акција 2.1.2 | | Анализа за утврдување на специфични текови на отпад и начин на постапување | | | | | | | |
| Координација со: | | САЛАР, засегнати страни | | | | | | | |
| Активност | | Времетраење | Временска рамка (квартално или полугодишно) | Одговорни за спроведување (сектор, одделение) | Индикативен буџет (на ниво на активност, освен во исклучителни ситуации) | Извор на финансирање (централен буџет, општина, донатор) | Потребна поддршка (техничка, посебна експертиза, обука, менторство, модалитети за соработка/ координација) | Почетна состојба (на ниво на акција) | Цел/индикатор (на ниво на акција) |
| 2.1.2.1 | Изработка на методологија и спроведување на сеопфатна анализата за утврдување на посебните текови отпад | 2 месеци | 1/2024 | ЈП Еремја | Вклучено во втората ставка | Донаторска поддршка од Сида/САЛАР | Техничка експертиза /Соработка и координација со сродни претпријатија и експертска поддршка од САЛАР | Нема сеопфатна анализа за специфични текови на отпад | Подготвена анализа на специфични текови на отпад и начин на постапување |
| 2.1.2.2 | Подготовка на извештај за специфични видови на отпад што се создаваат на територија на општината и начин на постапување | 1 месец | 2/2024 | ЈП Еремја | 50.000,00 ден | Донаторска поддршка од Сида/САЛАР | Техничка експертиза /Соработка и координација со сродни претпријатија и експертска поддршка од САЛАР | | |

| | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Приоритет 2 | | Воведување на систем за селекција на отпад и собирање на посебни текови на отпад | | | | | | | | |
| Цел 2.2 и 2.3 | | Создавање на пресретлива/поволна средина за селекција на отпадот | | | | | | | | |
| Акција 2.2.1 и 2.3.5 | | Анализа на пазарот на материјали за рециклирање и мобилизирање на поддршка за воведување на систем за селекција на отпад | | | | | | | | |
| Координација со: | | САЛАР, засегнати страни | | | | | | | | |
| Активност | | Времетраење | Временска рамка (квартално или полугодишно) | Одговорни за спроведување (сектор, одделение) | Индикативен буџет (на ниво на активност, освен во исклучителни ситуации) | Извор на финансирање (централен буџет, општина, донатор) | Потребна поддршка (техничка, посебна експертиза, обука, менторство, модалитети за соработка/ координација) | Почетна состојба (на ниво на акција) | Цел/индикатор (на ниво на акција) |
| 2.2.1.1 | Спроведување на сеопфатна анализа на пазарот за трошоци за селекција и рециклирање на отпад | 2 месеци | 2/2024 | ЈП Еремја | Вклучено во втората ставка | Донаторска поддршка од Сида/САЛАР | Експертска поддршка - САЛАР | Не постои сеопфатна анализа на пазарот наматеријали за селекција и рециклирање на отпад<br><br>Постои потреба од соработка, координација и мобилизирање на поддршка за воведување на систем за селекција на отпад | Подготвена анализа на пазарот на материјали за селекција и рециклирање на отпад<br><br>Дефинирана најмалку една можност/ придобивка која специфично се однесува на жените при селекција и рециклирање на отпад<br><br>Воспоставена е редовна соработка со засегнатите страни за воведување систем за селекција на отпад |
| 2.2.1.2 | Изработка на извештај за можности за селекција и рециклирање на отпад и трошоци/ придобивки | 1 месец | 2/2024 | ЈП Еремја | 75.000,00 ден | Донаторска поддршка од Сида/САЛАР | Експертска поддршка - САЛАР | | |
| 2.2.1.3 | Соработка со Општината, јавните институции и бизнисите кои делуваат на територијата на Општина Вевчани за воведување на ваков систем на селекција | 2 месеци | 3/2024 | ЈП Еремја | 30.000,00 ден | општински буџет | Координација со САЛАР | | |
| 2.2.1.4 | Соработка со претпријатија кои се занимаваат со селекција и транспорт на различни видови на селектиран отпад | 3 месеци | 3/2024 - 4/2024 | ЈП Еремја | 20.000,00 ден | општински буџет | Координација со САЛАР | | |

| Приоритет 2 | | Воведување на систем за селекција на отпад и собирање на посебни текови на отпад | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Цел 2.2 | | Создавање на пресретлива/поволна средина за селекција на отпадот | | | | | | | | |
| Акција 2.2.4 | | Подигнување на јавната свест и мотивирање на населението за придобивките од селекцијата на отпад | | | | | | | | |
| Координација со: | | Општина, засегнати страни (Еко Свест, Основно Училиште, Градинка, медиуми), САЛАР | | | | | | | | |
| Активност | | Времетраење | Временска рамка (квартално или полугодишно) | Одговорни за спроведување (сектор, одделение) | Индикативен буџет (на ниво на активност, освен во исклучителни ситуации) | Извор на финансирање (централен буџет, општина, донатор) | Потребна поддршка (техничка, посебна експертиза, обука, менторство, модалитети за соработка/ координација) | Почетна состојба (на ниво на акција) | Цел/индикатор (на ниво на акција) | |
| 2.2.4.1 | Организација на трибини, јавни настани, објави, предавања на темата селекција на отпад и нејзини придобивки | 6 месеци | 1/2024 - 2/2024 | ЈП Еремја и Општина Вевчани | 60.000,00 ден | општински буџет | Соработка и координација со Еко Свест, ООУ Страшо Пинџур, ЈОУДДГ Планински Цвет | Постои потреба од подигнување на нивото на информираност на населението за придобивките од селекцијата на отпад | Подигнување на степенот на информираност кај населението за придобивките од селекција на отпад | |
| 2.2.4.2 | Спроведување на кампања за подигнување на свеста за придобивките од селекција на отпад | 18 месеци | 3/2024 - 4/2025 | ЈП Еремја и Општина Вевчани | 200.000,00 ден | Донаторска поддршка од Сида/САЛАР | Техничка поддршка - САЛАР | | Спроведена најмалку една активност специфично наменета за подигнување на степенот на информираност на ранливите групи | |

| Приоритет 2 | | Воведување на систем за селекција на отпад и собирање на посебни текови на отпад | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Цел 2.3 | | Обезбедување капацитети и опрема за селекција на отпад | | | | | | | |
